# ГРАФОМЕТРИКС

Година 1, Број 2

ГРАФОМЕТРИКС е редовна публикација на Finance Think што содржи важни тековни информации за домашната, регионалната и светската економија претставени низ графички прикази.

## ФОКУС

- Според Индексот за економска слобода, во 2013 година Македонија има оценка од 68,2 и е на 43. место од 177 земји. Во споредба со 2012 година оценката е влошена за 0,3 поени.
- Според податоците на Државниот завод за статистика:
  - Индустриското производство во март бележи пораст од 4,2% во споредба со истиот месец лани.
  - Бројот на работниците во индустријата во март оваа година, во однос на истиот месец минатата година, бележи пораст од 1,7%
  - Трговскиот дефицит, во периодот јануари - март 2013 година, изнесува 551 милион американски долари. Според вкупниот обем на надворешно- трговската размена, Македонија најмногу тргува со Германија, Велика Британија, Грција, Србија и Бугарија (49.1% од вкупната надворешно-трговска размена се врши со овие пет земји).
  - Просечната месечна исплатена бруто-плата по вработен, во февруари 2013 година, во однос на февруари 2012 пораснала за 1,3%.

Finance Think е непрофитна асоцијација за економско истражување, застапување и донесување економски политики.

**Нашата Визија**

Да поттикнеме економско размислување за подобра благосостојба утре.

**Нашата Мисија**

Да ја намалиме сиромаштијата, да ги зајакнеме макро-финансиските политики и да ја унапредиме финансиската стабилност преку економски истражувања, советување и препораки за економските политики и поттикнување критичка дебата за економските процеси.

Ул. Железничка 50/3, 1000 Скопје

+389 2 6147 630
www.financethink.mk
info@financethink.mk

# Графкони на месецот за Македонија и регионот

**Благајнички записи - понуда, побарувачка и каматна стапка**




*Извор: НБРМ, пресметка на "Finance Think"*

**Вложувања на финансиските институции во хартии од вредност**




*Извор: НБРМ, пресметка на "Finance Think"*

**Стапка на невработеност во земјите од Југоисточна Европа**




*Извор: World Economic Outlook, Raiffeisen Research; пресметка на "Finance Think"*

Каматната стапка на благајничките записи е во континуиран пад. Преку промена на типот на тендер кај аукцијата на благајнички записи во април 2012 година, од тендер на износи во тендер на каматни стапки, понудата на записи се намали. Побарувачката остана над понудениот износ што влијаеше врз зголемување на цената на благајничките записи и намалување на каматната стапка. Дополнително, НБРМ утврдува и максималната каматна стапка. Од јануари оваа година максималната каматна стапка е 3,5%. Како резултат на тоа, учеството на државни хартии од вредност во вкупните вложувања во хартии од вредност на финансиските институции за една година скоро се удвои: од 32% во јануари 2012 година се зголеми на 58% во февруари оваа година.

Во 2012 година споредено со 2008 година, стапката на невработеност пораснала во скоро сите земји од Југоисточна Европа, освен во Македонија. Сепак, Македонија има највисока стапка на невработеност од 31,9% во споредба со останатите земји од регионот.

# Графкони на месецот за светот

**Цена на златото во периодот 2000-2013**




*Извор: World Gold Council, пресметка на "Finance Think"*

**Учество на злато во вкупни резерви, за 126 земји во светот**

*2000:Q4-2012:Q4 максимум, минимум, 25-ти перцентил, медијана и 90-ти перцентил*



*Извор: World Gold Council, пресметка на "Finance Think"*

**Стапка на инфлација и БДП за време на Маргарет Тачер**




*Извор: ММФ, пресметка на "Finance Think"*

После деценски раст, цената на златото падна под 1450 долари за унца и е најниска цена од 2011 година. Иако таа растеше во изминатиот период, централните банки купуваа злато и го зголемуваа учеството на златото во вкупните резерви. На таков начин, особено земјите во развој и нето извозниците го диверзифицираа портфолиото на девизни резерви со златни резерви. Од 2005 година континуирано се зголемува и учеството на златото во вкупните резерви кај повеќе централни банки. Од 55% во 2004, максималното учество се зголеми на 90% во 2012. Само 10% од земјите имаат над 50% злато во своите резерви. Тука спаѓаат Португалија (90%), Грција (82%), САД (76%), Германија (73%), Италија (72%), Франција (71%), Словачка, Кипар, Холадија, Австрија и Таџикистан. Овие земји располагаат со 56% (17.851 тони) од вкупното светско количество на злато. Во своите резерви, Македонија располага со 6,8 тони злато, а во резервите тоа е застапено со 12,5%.

Маргарет Тачер ја затекна Британската економија со двоцифрена инфлациска стапка. Стана позната по тоа што активно го спроведуваше монетаризмот. Оваа монетарна политика, заедно со затегната фискална политика, беше успешна во брзо симнување на инфлацијата, но во комбинација со силната фунта беше штетна за домашниот производ кој забележа падови во првите години од тачеровиот мандат.

# Графкони на месецот за светот




Во март, стапката на невработеност во еврозоната достигна рекордна вредност од 12,1%. Највисока стапка имаат Грција (27,2%) и Шпанија (26,7%) а најниска имаат Австрија (4,7%) и Германија (5,4%). Според Еуростат, невработени се 26,5 милиони луѓе во ЕУ27, од кои 19,2 милиони се во еврозоната.




Source: European Commission

Државниот долг е загрижувачки висок во земјите од периферијата на Европската Унија. Долгот е над 100% од БДП во Грција, Италија, Ирска и Португалија. Грција останува со исклучително висок долг, 178% од БДП, и покрај откупот на обврзници на крајот на минатата година и отпис на дел од долгот во март 2012 година.

# Инфографикон на месецот




- Таканаречената „челична економија“ под водство на Маргарет Тачер ја стави Британската економија на поинаков економски колосек. Тачеровиот ремонт, кој попозитивни резултати даде дури во третиот нејзин мандат како премиер, се чувствува до ден денес.
- Во првите години на 10 Downing Street, под влијание на монетаризмот, челичната дама ги намали директните даноци на доход, а ги зголеми индиректните, и ги зголеми каматните стапки за да го забави растот на паричната понуда и со тоа да ја намали инфлацијата. И успеа во тоа. До 1982 година, инфлацијата од високи 18% се намали на 8.6%, но невработеноста беше над 3 милиони за прв пат после 1930-тите. Во 1983, севкупниот економски раст беше посилен од кога било, а инфлацијата и хипотекарните стапки беа на најниско ниво од 1970 година, иако производството се намали за 30% од 1978 година, а невработеноста го достигна врвот од 3,3 милиони во 1984 година.